Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 23.11.2024

Денеска (23.11.2024) во 00.00 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода С.Џ.(40) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и таблета. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (23.11.2024) во 00.00 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го привеле Ј.Ј.(29) од Скопје, затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (23.11.2024) во 00.05 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле Г.А.(44) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (23.11.2024) во 02.00 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода А.Р.(22) од с.Рогле, тетовско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.11.2024 во 13.20 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода А.А.Г.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.11.2024 во 16.00 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода М.М.(36) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.11.2024 околу 11.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го привеле М.Т.(46) од Скопје, затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.11.2024 околу 17.00 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка-одделение за потраги го лишиле од слобода В.К.(48) од Р.Турција, а со престој во Скопје, поради тоа што бил баран по меѓународна потерница од Р.Турција. Тој бил задржан во Полициската станица Карпош за понатамошна постапка.

На 22.11.2024 во 18.20 часот, полициски службеници од СВР Битола во маркет лоциран на ул.„Филип Втори Македонски", врз основа на централна потерница од Казнено поправната установа Затвор Идризово, го лишиле од слобода К.К.(46) од Прилеп, кој бил баран за казна затвор во траење од една година и два месеци.

На 22.11.2024 околу 13.20 часот, по преземени мерки во хотел на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Љ.(42) од Скопје, кој бил баран по централна потерница по судска наредба за издржување мерка притвор за сторени кривични дела по член 394 , член 353 и член 264 од Кривичниот законик. Лицето било задржано во Полициската станица Бит Пазар за понатамошна постапка.

На 22.11.2024 во 17.50 часот, во СВР Битола било пријавено дека на патот А3 Ресен-Битола патничко моторно возило „форд" со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.Б. (68) од Битола, излетало надвор од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 22.11.2024 во 19.25 часот во Полициската станица Карпош, А.М.(41) од с.Волково, скопско, пријавил дека на ул.„Московска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.11.2024 во 10.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Р.Д.(50) од Скопје пријавил дека во населбата Гоце Делчев во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.11.2024 во 16.45 часот полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Љ.П.(51) од с. Непроштено, кај кого, врз основа на судска наредба од Основниот суд Тетово, во времето од 12 до 16.45 часот, полициски службеници извршиле претреси во неговите дом и помошните простории, како и во уште една куќа во селото која е во негова сопственост. При претресите пронајдени се ловна пушка (карабин), 14 парчиња муниција за карабин, дробилка, два оптички нишани, поголема количина на куршуми, чаури и проектили од куршуми од разни калибри, една кеса со барут, една шок бомба, една воздушка пушка „гамо" со вградена оптика, пиштол „глок" калибар 9 мм, две рамки со по 10 куршуми и други предмети. По документирање на случајот, против Љ.П. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.11.2024 околу 23 часот полициски службеници од Граничен надзор и граничен премин Богородица на влез во с.Стојаково, затекнале група од 11 лица-мигранти од кои 10 лица од Сирија и едно од Египет. Од слобода биле лишени А.А.(20) од Авганистан и А.К. од Пакистан, кои биле водичи и ги пренеле мигрантите од грчка на македонска територија. Известен е јавен обвинител и по документирање на случајот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 22.11.2024 во 10.50 часот полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес ги лишиле од слобода З.Ш.(46) и А.Ш.(44), двајцата од Велес. При претрес во домот на А.Ш. во Велес, каде престојувал и З.Ш., извршен со наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени 17 пакувања со зелена растителна материја, 42 семки и пари. З.Ш. и А.Ш. биле задржани во полициска станица, известен е јавен обвинител и по документирање на настанот против нив ќе биде поднесена кривична пријава за кривично дело "Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", казниво по чл. 215 од КЗ.

На 21.11.2024 во 19.10 часот полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода Х.К.(21) од Кавадарци, затоа што при преглед во патничкото возило „бмв" кое го управувал, била пронајдена и одземена зелена растителна материја. Х.К. бил приведен во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.11.2024 околу 20 часот на магистралниот пат Куманово-Крива Паланка, полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија- Куманово и Мобилната единица за компензаторни мерки го лишиле од слобода Ф.Ш.(26) од Косово, затоа што при извршен преглед на патничко возило „голф 7" со косовски национални ознаки, кое тој го управувал, биле пронајдени седум лица-мигранти, од кои три од Индија, две од Пакистан и по едно од Непал и Бангладеш. Известен бил јавен обвинител, мигрантите биле пренесени во Транзитниот центар-Табановце и Прифатниот центар за странци-Скопје и по целосно документирање на случајот, против Ф.Ш. ќе следува соодветен поднесок.

На 22.11.2024 во 08.35 часот во Струмица полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода С.Н.(65) од село Добрејци, струмичко, кај кого при преглед била пронајдена марихуана и семки од растение. Врз основа на наредба на судија од Основен суд Струмица, бил извршен претрес во домот во кој престојува лицето, во с. Три води, струмичко, при што биле пронајдени пет пакувања со марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Струмица, а за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По целосно расчистување на случајот, против С.Н. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.11.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје, 30-годишна жена пријавила дека на 21.11.2024 околу 02.30 часот во семејниот дом на подрачјето на Гази Баба, била физички нападната од нејзиниот сопруг Д.С.(41). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.11.2024 во 20.38 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачјето на Шуто Оризари, едно лице со закана со огнено оружје од вработениот одзело пари. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 22.11.2024 во 13.30 часот во СВР Скопје, М.Р.(40) од Скопје пријавила дека околу 00.30 часот на подрачјето на општина Аеродром, била физички нападната од едно лице, при што и ја одзело чантата и личниот накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.11.2024 во 19.20 часот во СВР Скопје, 31-годишна жена, пријавила дека околу 14.30 часот на автобуската постојка во скопско село била физички нападната од нејзиниот сопруг Ф.З.(33), со кој одреден период биле разделени, а при нападот и го скршил и мобилниот телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.11.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје, Н.К.(72) од с.Батинци, скопско, пријавил дека околу 12.00 часот на пазар на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од А.С.(32) од Косово, со престој во с.Трубарево, скопско, кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.11.2024 во 04.50 часот во СВР Скопје, 42-годишна жена, пријавила дека на 21.11.2024 околу 15.00 часот во семејниот дом во скопско село, била физички нападната од нејзиниот сопруг Г.Т.(47). Со него бил извршен службен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.11.2024 во 10.00 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на место викано „Порупа" во с.Драчево, скопско бил пронајден починат Љ.Ц.(69) од Скопје. Лекар од Итната медицинска помош констатирал смрт, без видливи траги на насилство. Извршен бил увид, а наредба на јавен обвинител, телото на починатиот е предадено за обдукција.